Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 08 - 549/3
02.10.2024 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година усвоен од Владата на РСМ, за 6.Програма за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РСМ и Општина Новаци, и врз основа на поднесен апликационен формулар број 08- 549/2 од 01.08.2024 година до АВРМ Центар за вработување Битола, на ден 02.10.2024 година се објавува:

# Ј А В Е Н П О В И К

до

евидентирани невработени лица со ниски квалификации за ангажирање на **20 лица** за Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица со ниски квалификации кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво за работно ангажирање на во времетраење од 22 работни дена, да се пријават во Агенција за вработување - Центар за вработување Битола. Бројот на лица кои се потребни за ангажман од страна на Општина Новаци изнесува 20 ( дваесет).

**Вкупниот период на влученост на невработените лица преку програмата може да трае еден циклус годишно во времетраење од 22 работни дена.**

Евидентираните невработени лица со ниски квалификации кои ќе бидат вклучени во Програмата Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво ќе бидат работно ангажирани 22 (дваесет и два) работни дена, при што за време на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За невработените лица со ниски квалификации кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Јавни работи во проекти од инфраструктурен карактер и заштита

на животната средина на локално ниво се предвидува паричен надоместок во висина од 800,00 денари по работно ангажирано лице, дневно, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. Општина Новаци ќе учествува со кофинансирање во износ од најмалку 20 % од дневниот надоместок.

Заинтересираните невработени лица со ниски квалификации заинтересирани за ангажман во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво, Пријавите за учество можат да ги поднесат во Агенцијата за вработување - Центар за вработување Битола кај лицето Зоран Костовски во периодот од 02.10.2024 година до 09.10.2024 година, од 08:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Новаци, АВРМ и избраните кандидати.

ГРАДОНАЧАЛНИК

Северна Македонија Општина Новаци Новаци

Стевче Стевановски

Општина Новаци